Република Македонија
Општина Могила
Бр. 03 - 895/1
16.12.2020 год.
Могила

Врз основа на чл.50 став 1 од Законот за Локална самоуправа, Градоначалникот на општина Могила објавува:

**Јавен Повик**

За субвенционирање / целосно покривање на трошоците за копање и трасирање на септички јами во селата Трап и Будаково.

Целта на овој повик е заштита на животната средина преку решавање на проблемите со фекалната канализација од домаќинствата и помошните објекти (штали) во наведените села. Копањето и трасирањето на јамите ќе биде извршено на трошок на општината и ЈКП Пела Хигиена Могила.

**1.Право на учество:**

Сите жители на селото Трап и селото Будаково кои имаат постојано живеалиште во наведените села и немаат изградено септички јами за фекалните води од домаќинствата и шталите.

**2.Потребни документи:**

1. Своерачно барање

2. Копија од лична карта

3. Копија од имотен лист

4. Изјава од лицето корисник на услугата за навремено ставање во функција и редовно одржување на септичката јама (се подигнува од општината)

**3.Рокови**

1. Комплетните документи да се доставaт до архива во Општината најдоцна до 21.12.2020 година.
2. Изведбата на градежните активности ќе биде извршена во рок од 1 (еден) месец од денот на објавување на корисниците на субвенцијата.

**4.Известување**

Сите апликанти кои навремено и целосно ги поднеле документите по овој јавен повик ќе бидат контактирани од лице назначено за координација на овој Проект Иле Дамевски, вработен во ЈКП Пела Хигиена.

Република Македонија
Општина Могила
Могила